Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-621/4
Датум:
13-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 621/1 од 19.9.2024 година, поднесена од [redacted] во име на нивниот малолетен син [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] против ООУ „Јан Амос Коменски", за заштита од дискриминација врз основа на претпоставена попреченост, во областа на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на претпоставена попреченост, во областа на образование од страна на ООУ „Јан Амос Коменски" кон [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На 19.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на [redacted] во име на нивниот малолетен син [redacted] против ООУ „Јан Амос Коменски" за заштита од дискриминација врз основа на препоставена попреченост.

Во претставката се наведеува дека [redacted] ученик во четврто одделение во училиштето „Јан Амос Коменски" во Скопје. Подносителите на претставката наведуваат дека од самото запишување на ученикот во училиштето, тие како родители и нивниот син како ученик се соочувале со проблеми при реализирањето на наставата. Имено, на почетокот на неговото образование од страна на училиштето било побарано да се направи процена на детето во Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје. Откако [redacted] започнал да работи со образовен асистент, подносителите увиделе уназадување на неговите достигнувања и губење на самостојноста при извршувањето на училишните задачи во училиштето, поради што престанала соработката. [redacted] истовремено посетувал настава во „Училница Даскаловски", каде што видно напредувал и добил препорака да ја следи наставата сам. Препораката во писмена форма во 2021 година била добиена и од Заводот за ментално здравје на деца и младинци („**СИМПО**"). Подносителите тврдат дека и покрај нивните напори нивниот син да добие соодветен третман и образование, се соочиле со секојдневни проблеми кои директно влијаеле на самодовербата, можноста за извршување на училишните задачи на часовите, како и прифаќањето на детето од страна на другите деца. Во јуни 2024 година, по барањето на училиштето за

доставување на поврда за способноста на [redacted] да следи настава, му бил извршен тимски ореглед во СИМПО, каде било утврдено дека е потребно да работи со дефектолог и психолог во училиштето.

На ден 2.7.2024 година, поради тоа што подносителите не можеле да дојдат до разбирање со наставничката [redacted] тие поднеле Барање за преместување на детето во друго одделение, заведено под арх. бр. 08-455/1.

На ден 2.9.2024 година Мартин бил префрлен во друго одделение, каде останал само една недела, за повторно да биде вратен во старото одделение. Во претставката се наведува дека ваквиот став го делел и градоначалникот на Општина Карпош, кој не ги примил подносителите на средба, туку ги известил преку писмена порака. Дополнително, подносителите добиле неформална информација дека од страна на родителите на учениците од [redacted] односно одделението во кое бил префрлен [redacted] била поднесена петиција за намалувањето на бројот на ученици во одделението, која била доставена до градоначалникот на Општина Карпош и директорката на училиштето. Подносителите наведуваат дека во моментот кога нивниот син бил префрлен, одделението броело 29 ученици, што не било спротивно на Законот за основно образование, кој предвидува дека бројот на ученици треба да брои од 20 до 30 ученици. Одлуката за враќање на детето во средина кадешто е изолирано и не е прифатено е неприфатлива за подносителите кои сметаат дека дополнително штетно ќе се одрази врз образовниот процес и социјален развој на [redacted] Подносителите сметаат дека неодлучноста на училиштето е нехумана, непадагошка и е недолично однесување на една воспитно-образовна установа. Во таа насока, подносителите ги опишуваат причините кои довеле до оваа состојба . Имено, во текот на прво одделение и првото полугодие од второ одделение, **подносителите забележале разлика во однесувањето на нивниот малолетен син**, но и на учениците кон него за време на часовите водени од наставничките [redacted] За време на часовите кај наставничката Роза Василевска, која се пензионирала на крајот на првото полугодие од учебната 2023/24 година, Мартин бил постојано вклучуван во училишните активности, работел на час и уредно ги вршел задачите. За разлика од тоа, се наведува дека наставничката [redacted] постојано се жалела дека [redacted] правел неред на часовите, не работел ништо и не можел самостојно да ги извршува задачите. Подносителите наведуваат дека разликата во ангажманот на [redacted] за време на часовите и кај двете наставнички е видлив од неговите тетратки. Дополнително, во електронскиот дневник на [redacted] за прво и второ одделение се наведени далеку подобри резултати од оние кои стојат во неговото свидетелство. Во контекст на ова тврдење, **се наведува дека на часовите со наставничката [redacted] постојано бил издвојуван од останатите деца во одделението**, поточно седел во последна клупа (што не било случај за време на часовите на наставничката [redacted]. Подносителите тврдат дека Мартин неколку пати им имал кажано дека наставничката му рекла да излезе да почека во ходник или во дворот. Дополнително, [redacted] постојано бил обвинуван за

правење неред во одделението, дека ги закачал децата, додека ниедно дете не било опоменувано за неговиот однос кон [redacted] Подносителите сметаат дека поради тоа децата имале поинаков однос кон [redacted] односно да го задеваат и исмеваат за време на часовите и одморите. Наставничката [redacted] одржувала формална комуникација преку давање записиници за секојдневни ситуации, а подносителите не добивале копии од истите. По одлуката [redacted] да се врати во нејзиното одделение, наставничката на подносителите им рекла: *„Ви благодарам за убавите зборови кои сте ги кажале за мене, отсега секоја комуникација со вас ќе се одвива на мејл“*. Дополнително, наведено е дека во Вибер групата помеѓу родителите и наставничката, родителите изразувале гнев, бидејќи [redacted] бил вратен во одделението и се заканувале со петиции и медиуми. Наставничката не реагирала и премолчувала на ваквите пораки, иако немало никаков доказ дека [redacted] навистина сторил нешто, а приказните биле преувеличувани. Подносителите сметаат дека поради ситуацијата и однесувањето на наставничката, родителите на другите деца добиваат слика дека Мартин е единствениот проблем во одделението. Подносителите минатата година добиле информација од страна на родителите на другите деца била покрената петиција, но не биле информирана за каква петиција се работи. На крајот од учебната 2023/24 година, подносителите добиле покана од Центарот за социјална работа во Карпош, каде им било соопштено дека **од страна на група анонимни родители била поднесена пријава во полициската станица Карпош од причина што [redacted] ги задевал децата за време на големиот одмор**, кога наставничките не гледале. Подносителите за овие наводи првпат дознале на средбата со Центарот за социјална работа. Тие сметаат дека станува збор за тенденциозна пријава од причина што доколку [redacted] навистина ги задевал децата, некој во училиштето ќе видел и ќе реагирал. Подносителите во претставката наведуваат дека е спротивно на Законот за основно образование и Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување родителите да пријавуваат дете за наводна тепачка во полициска станица, наместо да иницираат постапка во училиштето или пред Центарот за социјална работа. [redacted] ова однесување наводно го имал за време на големиот одмор зато што тогаш наставничките не гледале, но настаните во училишниот двор се под надзор во секое време. Поради сето наведено, **подносителите сметаат дека училиштето и наставничките воопшто не работеле со родителите за да се овозможи еднаков третман на [redacted]** Во контекст на ова тврдење, **се наведува дека подносителите, по нивно барање или барање на директорката или стручната служба, постојано биле на состаноци во училиштето за да се дискутира однесувањето на [redacted]** И покрај тоа што подносителите цело време истакнувале дека на детето му е потребен однос каков што имала претходната наставничка Роза Василевска и **дека кога се третирал како еднаков, покажувал подобри резултати, ситуацијата не се подобрила, туку тие постојано се соочувале со повтроливи ситуации и им било давано да потпишуваат записници од кои тие не добивале копија.** Подносителите посочуваат дека од почетокот на школската година до денот на поднесувањето на претставката, односно 19.9.2024, дури три пати биле повикани на разговор во училиштето и на последната

средба на истиот ден **училиштето инсистирало повторно да се прави процена на Мартин за потреба од образовен асистент. Подносителите повторно поднеле барање за промена на одделението на нивниот син, како нивен предлог за надминување на безизлезна ситуација.**

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

1. Наод и мислење од Заводот за ментално здравје на деца и младинци од ден 1.6.2024 година;
2. Извештај од СИМПО од ден 12.6.2024 година;
3. Барање за преместување во друго одделение бр. 08-455/1 од ден 2.7.2024 година;
4. Одлука бр. 08-595/1 од ООУ „Јан Амос Коменски" од ден 13.9.2024 година;
5. Копија од тетратки на [redacted] за време на часовите кај наставничката [redacted]
6. Копија од тетратки на [redacted] за време на часовите кај наставничката [redacted]
7. Копија од е-дневник за [redacted] за прво и вотро одделение;
8. Копија од свидетелства на [redacted] за прво и второ одделение;
9. Покана од Центар за социјални работи со бр. 1004-360 и
10. Записници од одржани средби со стручната служба на училиштето.

На 26.9.2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по наводите во претставката со бр. 08-621/2 до ООУ „Јан Амос Коменски".

На 25.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на ООУ „Јан Амос Коменски". Со поднесокот за произнесување најпрвин се наведува дека на ученикот [redacted] му било одложено школувањето за една учебна година, поради што бил запишан во прво одделение во учебната 2021/22 година кај одделенските наставнички [redacted] Понатаму, се наведува дека од почетокот на неговото школување [redacted] манифестирал предизвикувачко однесување кон соучениците и возрасните, со што го попречувал наставниот процес и ја загрозувал безбедноста на учениците во одделението. Поради наведеното и во најдобар интерес на детето, училиштето ги упатило подносителите во ЈЗУ Здравствен дом Скопје – ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади, стручно тело за функционална проценка Скопје 1. Според Наодот и мислењето за функционална проценка од 13.1.2021 година, на ученикот му била препорачана секојдневна образовна асистенција. Од таа причина, од страна на училиштето било испратено Барање за обезбедување на образовен асистент до ОУРЦ „Златан Сремец". [redacted] второто полугодие го започнал со поддршка од образовен асистент. Се истакнува дека **ученикот од почетокот на второто полугодие од прво одделение активно бил**

**вклучен во сите активности од воспитно-образовниот процес со поддршка од образовниот асистент.** Дополнително, кај ученикот се забележало и подобрување во однос на образовниот, воспитниот и социјалниот аспект. Поради непочитувањето на преопораките дадени од ЈЗУ Здравствен дом Скопје – ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади, стручно тело за функционална проценка Скопје 1, [redacted] го изгубил правото на образовен асистент. **Училиштето повеќе од година дена им посочувало на родителите да ги испочитуваат препораките, но не наишле на разбирање со подносителите се до јуни 2024 година**. Имено, пред почетокот на учебната 2024/25 година, подносителите поднеле Барање ученикот да биде префрлен во друга паралелка, по што тој ја зопочнал новата учебна година во паралелката 4б. По анализа и следење на ученикот од страна на училиштето, наведено е дека ученикот постојано се однесувал несоодветно, поради што се прекинувал наставниот процес и работната атмосфера во училницата. Дополнително, [redacted] **имал потешкотии да се адаптира во новата паралелка и цело време сакал да излезе од училницата со цел да ги бара учениците од претходното 4г одделение.** Со сето наведено и **во најдобар интерес на детето, директорот донел одлука ученикот повторно да се врати во претходното одделение.**

**Во однос на училишните активности**, во произнесувањето е наведено дека [redacted] бил вклучуван во активностите и кај двете наставнички. Од почетокот на второто полугодие во прво одделение до завршувањето на второ одделение, тој следел настава со помош на образовен асистент и бил активно вклучен во активностите на ниво на паралелка и училиштето. Се наведува дека Мартин седел во прва клупа заедно со соученик од неговата паралелка и дека неговите соученици не го задевале, ниту пак исмејувале.

**Во однос на комуникацијата на наставничката** [redacted] се наведува дека комуникацијата не е задоволителна. Во тој контекст, со цел подобрување на нивната комуникација била одржана медијаторска средба во присуство на стручна служба и директорот. **Директорот, исто така, донел Одлука за формирање на тим за поддршка на наставниот кадар кои се дел од наставата и ученикот** [redacted] **во учебната 2024/25 година**.

**Во однос на анонимната пријава во полициската станица**, никој во училиштето не бил информиран за случката која била пријавена. Дополнително, службено лице од полициската станица ги информирало дека тие немале право да преземат ништо, туку само ја пренесуваат информацијата. Се изнесува и дека тие како училиште немаат право да преземат ништо, со оглед на тоа што тие како училиште не биле информирани за случката, а пријавата е поднесена од страна на анонимни лица. Училиштето не било запознаено со приватните недоразбирање меѓу подносителите и родителите на другите деца од паралелката.

**Во однос на средбите кои се организирани од страна на училиштето,** тие биле и се насочени кон почитување на препораките од ЈЗУ Здравствен дом Скопје – ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади, стручно тело за функционална проценка Скопје 1, од страна на подносителите, чии постапки не соодвестувале со најдобриот интерес на детето.

<u>Во прилог на поднесокот за произнесувањето беа доставени следните докази:</u>

1. Наод и мислење за одложување на школувањето на ученикот [redacted] од ЈЗУ Здравствен дом Скопје; ОЕ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ – учебна 2020/21 година;
2. Наод и мислење за започнување на школувањето на ученикот [redacted] од страна на ЈЗУ Здравствен дом Скопје; ОЕ Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ – учебна 2021/22 година;
3. Наод и мислење за функционална проценка од 13.10.2024 година од ЈЗУ Здравствен дом Скопје – ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади, стручно тело за функционална проценка Скопје 1;
4. Барање за обезбедување образовен асистент до ОУРЦ „Златан Сремец“ Скопје;
5. Извештај од регионалното стручно тело за проценка на функционирање попреченост и здравје од ЈЗУ Здравствен дом Скопје – ОЕ Служба за функционална проценка на деца и млади, стручно тело за функционална проценка Скопје 1;
6. Барање до родителите;
7. Записници од средби со родителите и
8. Одлука за формирање на тим.

Врз основа на наводите на подносителите и посоченото училиште, како и доказите доставени во прилог на поднесоците, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Подносителите на претставката тврдат дека со постапувањето на училиштето кон ученикот, од почетокот на образовниот процес и тековно се врши дискриминација кон него по основ на претпоставена попреченост. Во поткрепа на тврдењето ги навеле сите дејствија, кои според нив доведуваат до повреда на правата на ученикот во образовниот процес. Според подносителите истото се должи на перцепцијата на вработените во училиштето дека ученикот има попреченост. Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација - **дискриминација по перцепција** е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради претпоставена припадност кон одредена група врз која било дискриминаторска основа. Но, за воопшто да може да стане збор за дискриминација, потребно е да постои повреда на право, како елемент од дефиницијата за дискриминација. Законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување,* ***што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице*** *или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Од доставените докази на ООУ „Јан Амос Коменски“, Комисијата заклучи дека постапувањето на училиштето е насочено кон целта – обезбедување на инклузивно образование кон ученикот. Имено, училиштето следејќи го однесувањето на ученикот, ги упатило родителите на функционална проценка на ученикот во Стручното тело за функционална проценка Скопје 1. Врз основа на наодот и мислењето на стручното тело, на ученикот му е препорачана образовна асистенција. Поради што училиштето доставило барање за обезбедување на образовен асистент до училиштето со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“, по што образовен асистент бил обезбеден. Оттука произлегува дека училиштето ги има испочитувано своите обврски и делувало согласно Законот за основното образование и Конценпцијата за инклузивно образование. Понатаму, училиштето формирало Тим за поддршка (составен од психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитато и одделенски наставник), ги следело и известувало за постигнувањата и однесувањето на ученикот за време кога имал образовен асистент, како и кога немал, апелирало за почитување на препораките од стручното тело за функционална проценка, одржувало средби со родителите од една и одговорните вработени во училиштето (специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, одделенски наставник, образовен асистент).

Од овде може да се заклучи дека училиштето постапувало во најдобар интерес на детето, фокусирајќи се на прилагодување на образовниот процес кон потребите на детето, и при тоа не имплицирало на постоење на дијагноза или одреден вид на попреченост. Инклузивното образование предвидува обврски за повеќе општествени чинители, чија крајна цел е овозможување на еднакво квалитетно образование за сите ученици. Во таа смисла, значајна е улогата на училиштето во препознавање на специфичните потреби и различности на учениците, за потоа да делува во насока на прилагодување на образовниот процес кон индивидуалните карактеристики и потреби на учениците. Поради тоа важна била детекцијата на бариерите во образованието со кои се соочувал ученикот и тоа пред се’ заради изнаоѓање на соодветни мерки за нивно надминување.

**Инклузијата не е исклучиво фокусирана на учениците со попреченост, туку на сите ученици кои имаат посебни образовни потреби**: ученици со попреченост, ученици кои не биле вклучени во наставата, а се со надмината возраст, ученици кои потекнуваат од неповолни социо – економски, културни и/или јазични депривирани средини, ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми,

ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со комплексни потреби, како и други ученици од други ранлици категории кои од различни причини имаат потреба од посевна поддршка и грижа во текот на воспитно – образовниот процес.
**Тоа би значело дека фактот што некои ученици имаат посебни образовни потреби и потешкотиите во образованието, не е нужно поврзан со одреден вид на попреченост.**
Оттука се заклучува дека постапувањето на училиштето не е во насока на повреда на правата на ученикот врз основа на претпоставка дека ученикот има попреченост, бидејќи училиштето воопшто не се фокусира на тој сегмент, туку на образовните потреби на ученикот и изнаоѓање на соодветни решенија за обезбедување на еднаков квалитет на образование. Во оваа смисла, огромна улога има стручното тело за проценка, кое е компетентно не само во проценката и следењето, туку и во определување на потребната поддршка на ученикот во образовниот процес. Поради тоа ја нагласуваме потребата од почитување на наодите и мислењата на стручното тело за функционална проценка, како од страна на училиштето, така и од страна на родителите.

Од доказите доставени од страна на училиштето, се увиде дека поради непочитување на препораките на Стручното тело за функционална проценка од страна на родителите, ученикот го има загубено правото на образовен асистент. Поради тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја нагласува важноста на соработката помеѓу родителите и училиштето во насока на обезбедување поддршка на ученикот во остварување и развивање на неговите потенцијали, елиминирање на бариерите во образовниот процес. Тоа од причина што освен останатите општествени чинители, образовниот асистент има клучна улога во постигнување на наведените цели.

Поради образложеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на Мислењето и не утврди дискриминација врз основа на претпоставена попреченост во областа на образование, од страна на ООУ „Јан Амос Коменски“ Скопје кон ученикот [redacted].

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted] Скопје
- ООУ „Јан Амос Коменски“, со седиште на ул. „Варшавска“ бр.23, 1000 Скопје